ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на Програмата (Р1) - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА на Општина Битола за 2022 година донесена со Одлука на Совет на Општина Битола бр. 08-1091/24 од 29.12.2021 година Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за надоместок на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општината за купување на велосипед за 2022 година

1. Опис на Јавниот повик

1.1 Општина Битола со цел да ги стимулира граѓаните за користење на превозни средства кои не го загадуваат воздухот ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства за велосипеди купени од денот на објавување на овој повик во дневен весник.

1.2 Вкупниот буџет кој е планиран за овој јавен повик врз основа на Програмата за заштита на животната средина е во висина од 1.000.000,00 денари (без пресметан персонален данок). Средствата што ќе ги надоместува Општина Битола се во висина од 50% од цената на велосипедот, но не повеќе од 5000,00 (пет илјади) денари.

1.3 Јавниот повик е објавен на веб страната на Општина Битола и печатени медиуми.

1.4 Услов за учество во Јавниот повик е купувачот да нема искористено субвенција за истата намена од Буџетот на Општина Битола.

2. Начин на пријавување на Јавниот повик

2.1 Право на учество на овој Јавен повик имаат жителите на Општина Битола кои ќе купат велосипед во периодот од денот на објавување на јавниот повик (26.04.2022 година) во дневен весник до крајниот рок за аплицирање (05.05.2022 година) и ќе поднесат Барање за искористување на правото за надоместок на образец кој може да се подигне на шалтери во општината или да се превземе од веб страната www.bitola.gov.mk

2.2 За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество се исполнети барателот до Општина Битола ги доставува следните документи:

- Пополнет Образец за Барање кој содржи и Изјава дека барателот нема искористено право на поврат на средства за купување на велосипед на претходни јавени повици од Буџетот на Општина Битола. Барањето може да се подигне на шалтери во општината или да се превземе од веб страната www.bitola.gov.mk
- Доказ за жителство во Општина Битола со доставување на фотокопија од важечка лична карта на барателот
- Копија од трансакциона сметка на име на барателот
- Доказ во оригинал дека е извршено купувањето на велосипедот - фискална сметка или фактура со извод од деловна банка од денот на објавување на повикот во дневен весник до крајниот рок за аплицирање

2.3 Доколу има две или повеќе барања од лица кои живеат на иста адреса на живеење добитник на субвенција може да биде само едно лице од истата адреса на живеење, и тоа лицето од таа адреса на живеење кое прво аплицирало

2.4 Барањата за искористување на правото за надоместок на дел од трошоците заедно со комплетната потребна документација се доставуваат на шалтерите на општината секој

работен ден од 07:30 до 15:00 часот почнувајќи од **26.04.2022 година до 05.05.2022 година, и тоа едно лице може да достави едно барање.**

3. Начин на спроведување на јавниот повик

3.1 Постапката по Јавниот повик ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Битола, која што ќе состави листа на доделени средства за купување на велосипеди и истата ќе ја предложи до Градоначалникот за исплата

3.2 За доделените средства јавноста ќе биде известена преку официјалната веб страна на Општина Битола

3.3 Бројот на добитници - лица кои ќе добијат средства е ограничен до висина на предвидениот износ на Буџетот на Општина Битола, а распределбата на средствата ќе се врши по принципот „ прв дојден прв услужен "

4.Начин на остварување на право на надоместок

4.1 Градоначалникот на Општина Битола ќе донесе Решение за исплата на 50% од цената на велосипедот  но не повеќе од 5000,00 (пет илјади) денари  доколку се утврди дека условите од овој јавен повик се исполнети.

Број 0920-80/1

21.04.2022

Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК

____________________

Тони Коњановски